Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-43/1
__________ година
04-01-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-838/1 од 5.12.2023 година, поднесена од Европски центар за правата на Ромите, против , за сторена дискриминација врз основа на боја на кожа, социјално потекло и припадност на маргинализирана група во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.12.2023 година, го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на боја на кожа, социјално потекло и припадност на маргинализирана група во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на кон ромската заедница.

**Образложение**

На 5.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на Европски центар за правата на Ромите ("**ЕЦПР**") против , за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на јавно информирање и медиуми.

Во претставката се наведува дека на ден 24.11.2023 година, на својот twitter профил (@ ) пишувал за некаков тренд по улиците на главниот град, односно за тоа дека забележал црномурести млади мажи, за кои подносителите на претставката тврдат дека се мисли на Роми и наводни бегалци и мигранти, кои се на секој агол во градот. Ромите ги претставувал како џаболебари, неработници и уживатели на социјална помош на државниот буџет, додека пак за мигрантските работници, кои претежно работат на градежни објекти, велел дека се бегалци или мигранти кои засега се нечујни и тивки, но дека нема да бидат и во иднина. Поточно, целосната објава гласела:

„Macedonian paradoxes
На секој агол од градските крстосници, од утро до мрак, црномурести млади мажи (и јас сум црномурест, но не млад :( ) агресивно, со шише вода и со валкан сунѓер, се нудат да ни ги исчистат стаклата од автомобилите за 10 денари. Притоа ја загрозуваат безбедноста во сообраќајот, а најмногу својата безбедност.
Во исто време, особено наутро и навечер, гледаме црномурести млади мажи, дојдени од странство, во жолти елеци, како во групи одат и се враќаат од градилиштата во главниот град. Засега се тивки и нечујни. Нема да остане така во иднина.
Првите, т.е. нашите, добиваат социјална помош од државата Република Македонија и кажуваат дека им било "неисплатливо" да работат. Вторите, веројатно бегалци или мигранти од сопствените земји, дошле во потрага по парче леб и подобар живот. Исто како и илјадниците наши млади мажи и жени, кои заради погрешните политики ја напуштаат сопствената држава за парче леб и подобар живот во туѓина. Ова мора да се промени!".

Подносителите наведуваат дека во моментот на пишување на претставката, објавата имала гледаност од 3386 лица, 13 споделувања и 43 допаѓања, а иако објавата е јавна и истата може да ја види секој член на социјалната мрежа, коментарите под објавата се видливи само за лицата кои го следат профилот на а Twitter.

Истакнуваат дека ваквото поведение на носител на јавна функција т.е. на претседателот на Советот на Град Скопје, е крајно недолично, навредливо и вознемирувачко кон целата заедница, односно заедници на кои се однесува. Сметаат дека објавата ги содржи елементите на вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација од член 9 и член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 14.12.2023 година испрати Известување бр. 08-838/2 за произнесување по наводите од претставката до

На ден 20.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на како одговор на претставката.

Во одговорот , најпрво наведува дека во целост ги отфрла наводите изнесени во претставката и дека Европскиот центар за правата на Ромите го товари за наводно вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација без да се наведе кон кого би се однесувала дискриминацијата.

Наведува дека во неговата објава никаде не е посочена одредена етничка заедница, која би можела да се почувствува дискриминирана од неговите ставови изнесени таму, ниту пак има повик за некаква дискриминација. Вели дека ставовите се негово лично гледање на еден сегмент од состојбите во Република Македонија на економски и социјален план, за што често јавно се произнесува во медиумите повеќе од три децении.

Во поглед на неговиот однос кон ромската заедница во Република Македонија, вели дека ја користи приликата да спомене неколку работи, меѓу кои фактот дека близу 40 години е професор на Економскиот факултет- Скопје при УКИМ и секогаш им помагал на студентите од ромската заедница, но и фактот дека пред околу една деценија, во рамки на програма на Институтот Отворено општество Македонија бил ментор на еден студент од ромска националност на Економскиот факултет. Истакнува дека неговата борба за заштита на Ромите од дискриминација била забележана и во Извештај на ОБСЕ, објавен во 2010 година, кога во улога на Министер за финансии во Владата на Република Македонија се спротивставил на конкретен случај на дискриминација на група млади Роми од страна на угостителски објект во Скопје, за што во прилог ја доставува страна 80 како извадок од извештајот.

Понатаму смета дека е некоректно што подносителите на претставката ја апострофираат неговата политичка припадност и потсетува дека во два наврати, за време на парламентарните избори во 2006 и 2008 година, бил носител на листа на коалиција предводена од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ за втора изборна единица, каде што се наоѓа Шуто Оризари, а коалицискиот партнер од ромската заедница за таа пригода имал снимено рап песна со името на

Последно, доставува извадок од прес-конференција на која вели дека го осудува ставот кон ромската заедница на една политичка партија од соседна Бугарија.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, како и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Претседателот на Советот на Град Скопје, на ден 24.11.2023 година на својот профил на социјалната мрежа Twitter ја објавил текстуалната содржина цитирана во претставката.

Во оваа насока, институтот повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е дефиниран во **член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи: *„Повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа“.*

Вознемирувањето, како облик на дискриминација, е дефинирано во **член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** како „несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“

Во конкретниот случај, етикетирал лицата кои се присутни на семафорите во градот Скопје како „црномурести млади мажи кои добиваат социјална помош од државата и не работат“, додека пак за градежните работници од странство кои работат на градежни објекти во државата вели дека „дошле во потрага по парче леб и подобар живот“, односно дека за разлика од првите, тие работат. Притоа, иако експлицитно не наведува дека зборува за Роми, тој несомнено алудира на нив бидејќи изразот „црномурести млади мажи“ во контекст на македонското општество асоцира и се поврзува со ромската етничка заедница. Со ваквиот избор на зборови, тој создава негативна стереотипизација за Ромите во државата како неработници и приматели на социјална помош, што придонесува за дополнителна стигматизација на целата ромска заедница. Оттука, создал средина за понатамошна дискриминација на Ромите врз основа на боја на кожа, социјално потекло и припадност на маргинализирана група.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и утврди дека станува збор за сторено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација од страна на кон ромската заедница.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** да ја отстрани објавата од неговиот профил на Twitter од 24.11.2023 година со која е извршено повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација врз основа на етничка припадност и припадност на маргинализирана група. Отстранувањето треба да го стори во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** во иднина да се воздржи од објавување дискриминаторски содржини или содржини кои повикуваат, поттикнуваат или даваат инструкција за дискриминација врз било која дискриминаторска основа согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Доколку лицето не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
4.1.2024 година

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**
**Претседател**
**Игор Јадровски**

Доставено до:
- I ı, Европски центар за правата на Ромите, ул. Манапо бр. 3/3-51, 1000 Скопје
- овет на Град Скопје, ул. Илинден бр. 82, 1000 Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk